РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
MINISTRIA E ARSIMIT DHE SHKENCËS
СКОПЈЕ - SHKUP
Бр./Nr. 10-8463/11
05-08-2021 20 год./viti
СКОПЈЕ - SHKUP

Бр. 03-2212/1
09.08.2021 год.
Струмица

# ДОГОВОР
# ЗА НАБАВКА НА УСЛУГИ

1. **Министерство за образование и наука**, со седиште на ул.„Св.Кирил и Методиј" 54, 1000 Скопје, претставувано од министерката за образование и наука Мила Царовска, од една страна како корисник на услуги, и
2. **ПЗУ Поликлиника Ели - Медика Струмица,** со седиште на ул.„Гуро Гаковиќ" бр, Струмица, застапуван од управителот Елица Јанева, од друга страна како давателот на услуги.

## 1. ПРЕДМЕТ НА ДОГОВОРОТ

**Член 1**

Предмет на договорот за јавна набавка е набавка на услуги здравствени прегледи за вработените во Министерството за образование и наука, согласно тендерска документација бр.10-8463/3 од 09.06.2021 година на Барањето за прибирање на понуди преку ЕСЈН со објава на оглас бр.10302/2021 и Одлуката за избор на најповолна понуда бр.10-8463/9 од 20.07.2021 година.

## 2. ВРЕДНОСТ НА ДОГОВОРОТ

**Член 2**

Вредност на договорот за јавна набавка за систематски здравствен преглед за вработените во Министерството за образование и наука, изнесува 800,00 денари без вклучен ДДВ, за стандарден минимум за систематски преглед согласно Прилог 6 од Уредбата за видот, начинот, обемот и ценовникот на здрaствени прегледи на вработените (Сл.весник на РМ бр.60/2013) и 0.01 денари без вклучен ДДВ, за дополнителен здравствен преглед (по избор на вработениот) согласно Понудата со бр.03-1659/2 од 27.07.2021 година на Давателот на услугата.

Вкупната вредност на договорот не смее да го надмине износот од 400.000,00 денари, без вклучен ДДВ.

## 3. РОК, МЕСТО И НАЧИН НА ИЗВРШУВАЊЕ НА УСЛУГИТЕ

**Член 3**

Систематскиот здравствен преглед за вработените кај корисникот на услугите ќе се изврши во временски период од 4 (четири) месеци, а датумот на почеток на прегледите за вработените кај корисникот на услугите ќе го определи корисникот на услугите во договор со давателот на услугите, при склучување на Договорот.

Времетраењето на договорот е 5 (пет) месеци од денот на склучување на Договорот од двете договорни страни.

Давателот на услугите, задолжителениот пакет на здравствени прегледи - стандарден минимум и дополнителниот пакет, ќе ги наплати согласно бројот на извршени здравствени прегледи на вработените кај Корисникот на услуги.

Давателот на услуги задолжително треба да го исполнува условот сите предвидени здравствени прегледи да можат да се извршат во една здравствена установа или во ординации и истите да се наоѓаат во Скопје.

Здравствените прегледи кај давателот на услуги со кого ќе се склучи договор ќе се извршат врз основа на дневни распореди што заеднички ќе ги договорат Корисникот на услуги и Давателот на услуги. Во случај на спреченост одделни вработени лица да ги извршат

прегледите во определените термини, треба да им се овозможи прегледите да ги извршат дополнително во други термини но во рамките на важењето на договорот.

## 4. ГАРАНЦИЈА ЗА КВАЛИТЕТНО ИЗВРШУВАЊЕ НА ДОГОВОРОТ

**Член 4**

Услов за полноважност на договорот е обезбедување гаранција од страна на давателот на услуги за квалитетно извршување на договорот во висина **10% (десет проценти) од вредноста на договорот** **со вклучен ДДВ во рок од 5 работни дена од денот на склучување на договорот**

Гаранцијата се доставува во вид на банкарска гаранција во писмена форма, издадена од реномирана банкарска институција, резидентна во Република Македонија, по слободен избор на давателот на услугите. За корисникот на услугите се прифатливи сите банки.

Гаранцијата треба да биде поднесена во оригинална форма. Копии не се прифаќаат.

Гаранцијата за квалитетно извршување на договорот ќе биде со важност до целосното реализирање на договорот.

Банкарската гаранција за квалитетно извршување на договорот ќе биде во валутата на која гласи договорот. Важноста на банкарската гаранција за квалитетно извршување го опфаќа времетраењето на договорот на услугата продолжена за 30 (триесет) дена.

Во случај да не се изврши предметот на набавката навремено или доколку не прифати да направи корекции за забелешките кои ќе ги утврди корисникот на услуги или во случај на неисполнување на некоја од обврските кои ќе бидат дефинирани во договорот, корисникот на услуги ќе пристапи кон наплата на банкарската гаранција за квалитетно извршување на договорот по 7 (седум) дена од денот на доставената писмена опомена до давателот на услуги.

Доколку договорот за јавна набавка е целосно реализиран согласно договореното, банкарската гаранција за квалитетно извршување на договорот корисникот на услугите му ја враќа на давателот на услугите во рок од 14 (четиринаесет) дена од целосното реализирање на договорот.

Гаранцијата за квалитетно извршување на договорот, корисникот на услугите му ја враќа на давателот на услугите лично во седиштето на корисникот на услугите.

## 5. НАЧИН НА ПЛАЌАЊЕ

**Член 5**

Плаќањето ќе се врши врз основа на доставена фактура со која ќе се фактурираат само извршените здравствени прегледи, а според единичните цени за секој здравствен преглед.

Корисникот на услугите ќе го изврши плаќањето во рок до 60 (шеесет) календарски денови сметано од денот на приемот на фактурата.

## 6. УСЛОВИ ЗА РАСКИНУВАЊЕ НА ДОГОВОРОТ

**Член 6**

Овој Договор може да биде раскинат доколку договорните страни не се придржуваат кон одредбите на овој Договор.

**Член 7**

Корисникот на услуги има право еднострано да го раскине овој Договор доколку Давателот на услуги прекрши некоја одредба од овој Договор, а прекршувањето не го исправи во рок од 2 (два) дена од денот на добивањето на писмено предупредување од страна на Корисникот на услуги.

**Член 8**

Во случај на раскинување на овој Договор по вина на Давателот на услуги, истиот е должен на Корисникот на услугите веднаш без одлагање да му ги подмири и да му ги надомести штетите (материјални и нематеријални) кои ќе бидат предизвикани на Корисникот на услугите.

## 7. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

**Член 9**

Измени и дополнувања на Договорот може да се вршат со заедничка согласност на договорните страни по писмен пат, со Анекс на Договорот.

**Член 10**

Во случај на спор, договорните страни се согласни спорот да го решат спогодбено, а во спротивно за истиот ќе решава стварно надлежниот суд во Скопје.

**Член 11**

Овој Договор е склучен во 5 (пет) идентични примероци, од кои 3 (три) примероци за Корисникот на услугите и 2 (два) за Давателот на услугите.

| | |
|---|---|
| **КОРИСНИК НА УСЛУГИ,** | **ДАВАТЕЛ НА УСЛУГИ,** |
| **МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА** | **ПЗУ Поликлиника Ели - Медика Струмица** |
| **МИНИСТЕРКА,** | **УПРАВИТЕЛ,** |
| **Мила Царовска** | **Елица Јанева** |

Изготвил:Ѓорѓи Панделиев
Контролирал: Бојан Митковски
Одобрил: Маја Бичиклиска